Број на страници:________ **дел. број: 02 - 3571/1**
**датум 10.10.2023 година**

Врз основа на член 57, став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011 и 96/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 96/2019 и 110/2019), и Етичкиот кодекс за изменување и дополнување на Етички кодекс на вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија бр.01 – 976/1 од 02.03.2023 година, министерката за одбрана донесе

# РЕШЕНИЕ

## за формирање на Етички комитет и назначување на Повереник за етика и Заменик повереник за етика

1. Предмет

1.1. Со ова̀ Решение се формира Етички комитет и се назначуваат членови на Етички комитет, Повереник за етика и Заменик повереник за етика, како и одредување на нивните задолженија во насока на спроведување на Етичкиот кодекс на вработените во Министерството за одбрана и во Армијата на Република Македонија и Етичкиот кодекс за изменување и дополнување на Етички кодекс на вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија.

2. Повереник за етика, Заменик повереник за етика и членови на Етички комитет

2.1. За Повереник за етика се определува Благица Трошанска од Сектор за инспекција во одбраната, Министерство за одбрана.

2.2. За Заменик повереник за етика се определува потполковник Сузе Илиевска од Генералштабот на Армијата.

2.3. За членови на Етички комитет се определуваат:

- Елвин Ејуб - претседател (Сектор - воено воздухопловен авторитет, Министерство за одбрана)
- потполковник Весна Наумоска - заменик претседател (Генералштаб на Армијата)
- полковник Мухамед Ибрахими – член (Сектор за внатрешна ревизија, Министерство за одбрана)
- Сања Груевска Ѓорѓиевски - член (Сектор за цивилно – воена соработка со регионални центри за одбрана, Министерство за одбрана)
- капетан Даниела Галевска Поповска – член (Генералштаб на Армијата)
- Ленче Белчовска – член (Генералштаб на Армијата)
- Валентина Блажевска Андоновска – член (Независен синдикат на одбраната)

3. Задолженија

3.1. Се задолжува Повереникот од точка 2.1 да ги преземе следните активности:

– да ја следи примената на Етичкиот кодекс;
– да укажува и презема мерки во случај на неетичко однесување и повреда на утврдените етички стандарди и правила;

- да врши прием на пријави за неетичко однесување и постапување на вработените во Министерството и Армијата;
- да отпочне постапка за испитување на основаноста на пријавата;
- да ја проследи пријавата за неетичко однесување до членовите на Етичкиот комитет;
- квартално и по потреба да ги известува авторитетите во Министерството за примената на Етичкиот кодекс .

3.2. Се задолжува Етичкиот комитет од точка 2.2 да ги преземе следните активности:

- да ги разгледува пријавите за неетичко однесување;
- да дава одговор на пријавите;
- да предлага мерки во случај на неетичко однесување;
- да изработува извештаи и анализа за работата на Етичкиот комитет;
- да води редовно и да ажурира наменска база на податоци за пристигнатите пријави;
- да соработува со сите организациони единици во Министерството, Армијата и Воената академија при спроведување на постапката за испитување на основаноста на пријавата.

3.3. Во случај на отсуство на Повереникот за етика, неговите задолженија ги превзема Заменик Повереникот за етика.

3.4. Се задолжува Етичкиот комитет да изработи интерна процедура за утврдување и уредување на начинот на работа и постапување со пријавените случаи на неетичко однесување во Министерството и Армијата.

4. Влегување во сила

4.1. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Изработила: Елена Иванова
Контролирала: Миневере Лесковица
Согласен: потполковник Јетнор Марке
Одобрил: државен секретар Владимир Анчев

Министерка за одбрана
Славјанка Петровска

Доставено до: Архива, Кабинет на МО, Кабинет на ЗМО, Кабинет на НГШ, Државен секретар, Државни советници, сите ОЕ во МО, Воена академија, Повереник за етика, Заменик повереник за етика и членови на Етичкиот комитет.